# Њујоршка клупска свирка со "Грлс агенст бојс"

ВЕЧЕРВА ВО "КАСТРО"



"Грлс агенст бојс" е панк, рок, нојз бенд кој вечерва со почеток во 21 часот ќе пренесе дел од њујоршката клупска сцена во клубот "Кастро" во Скопје.

"Грлс..." е бенд кој квалитетот го одржува веќе 15 години на американската сцена, но никогаш не влегол во мејнстримот. Издавале за реномирани куќи како "Тач енд гоу" и "Гефен", а свиреле на големи алтернативни фестивали во Европа и во САД, меѓу кои "Рединг", "Лолапалуза","Лоулендс". Досега имале заеднички турнеи со "Џисас лизард", "Рејџ агенст д´машин" и со "Гарбиџ".

Нивниот инструментален состав е непроменет од 1990, а го сочинуваат две бас-гитари, гитара и тапани.

Пред "Грлс агенст бојс" во "Кастро" ќе свират "Мугер фугер" и "Бернис пропаганда". Билетите се ограничени, а цената и е 250 денари во претпродажба, и 300 денари на врата.

***(И.И.)***




ВЕЧЕРВА ВО УНИВЕРЗАЛНА



Хрватските Т.Б.Ф. - специјални гости на златното шоу

# Јубилејна "Златна бубамара"

Вечерва со почеток во 20 часот во КПД "Универзална сала" ќе се случи спектакуларното јубилејно музичко шоу "Златна бубамара на популарноста". Кој сé ќе учествува во програмата не се знае, зашто, по традиција, организаторот го крие сценариото до последен момент, но се знае дека ќе бидат доделени многу награди за оние кои со својот труд оставиле впечаток во изминатата година. Се најавува гостувањето на мегапопуларната група од Хрватска Т.Б.Ф. која ќе настапат во живо во цел состав.

Директен пренос на "Златна бубамара" ќе има на радио "Бубамара", 105,2, а ТВ-снимката ќе се емитува в среда на 21. на "Канал 5".

Од Генералштабот на "Бубамара" открива дека оваа година сите "притвореници" со задоволство ќе ја отслужат мерката притвор во траење од три часа, во која ќе има одлична забава и спектакуларен почеток.

# Во продажба деби-албумот "Резонатор" на ПМГ

"Резонатор" е насловот на првиот албум на "ПМГ колектив" бендот, кој од денес излегува во продажба.




Првенчето содржи 12 нумери, од кои најголемиот дел се нови, а на албумот се најдоа и добро познатите синглови што се вртат на македонските радија и во клубовите.

"Резонатор" е македонски одговор на современите светските музички текови. Комбинација на диско, панк и гаражен поп. Мирко Попов, Дарко Јорданов, Љупа Ангелов, Роботек, Александар Гавровски и Синиша Евтимов се членовите на бендот кои, освен со промоцијата на албумот, се зафатени и со работата на музиката за театарската претстава "Сомнително лице" во режија на Синиша Евтимов. Насловната нумера за претставата веќе се врти на музичкото радио "Канал 103" и по скопските клубови.

"Резонатор" е издаден за "ПМГ - рекординг".

***(И.И.)***